ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТ...
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0307-93
2.03 2017 год
СВЕТИ НИКОЛЕ

0307-156/2
02.03.2017

# ДОГОВОР

Склучен на ден 02.03.2017 год помегу:

1.Општина Свети Николе со седиште на ул.Плоштад Илинден б.б. преставувана од Градоначалникот на Општина Свети Николе Зоран Тасев,од една страна и
2.Јавно Комунално Претпријатие „Комуналец„ од Свети Николе преставувано од в.д.Директорот Александар Давчев од друга страна

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на мегусебните обврски,дефинирање на цените на услугите,начинот на обезбедување на доказите за обемот на извршената работа,во делот на реализација на Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток во Свети Николе за 2017 год

### Член 2

Извршување на услугите утврдени во чл.1 на овој договор ке биде евидентирано и во спецификација во која ке биде наведено видот на извшената услуга и времетраењето како и со работен налог потпишан од двете страни.

Изготвената спецификација уредно потпишана од извршителот и овластените лица на корисникот,како и работниот налог кој е составен дел на спецификацијата за реализација на работите.

### Член 3

Цената на извршените работи од Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток, ЈКП Комуналец ке ги фактурира согласно цените утврдени со Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток во Свети Николе за 2017 год,усвоена од Советот на Општина Свети Николе бр. 0801-111 од 24.01.2017 год,објавена во Службен Весник на Општина Свети Николе бр.1/2017 година од 24.01.2017 година. Програмата е составен дел на овој Договор.

### Член 4

Начинот и условите на плаќање ќе се регулира месечно по фактури и спецификација за извршена работа, која ќе биде составен дел на фактурата и ќе биде поптишана од двете договорни страни.

### Член 5

Вредноста на овој договор без ДДВ изнесува 1.470.824,00 денари плус ДДВ кое изнесува 106.483,00 денари. Вкупниот износ на договорот заедно со ДДВ изнесува **1.577.307,00 денари.**

Корисникот, надоместокот ќе го плати на жиро сметка на давателот по добивање на фактура која ќе претставува збир на извршените услуги за текот на еден месец

**Член 6**

Давателот се обврзува услугите кои ќе бидат побарани од корисникот наведени во точка 1 на овој договор да ги извршува согласно законските прописи, професионално, континуирано, ефикасно, уредно и навремено.

**Член 7**

Корисникот се обврзува за навремено извршување на работите кои ќе бидат побарани, да достави навремено документација потребна за извршување на услугите и при тоа со ништо да не го овозможува навременото извршување на побараните услуги.

Корисникот може во секое време да се информира за начинот и времето на извршување при тоа да има увид во документацијата со која ќе се води целата постапка.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој договор може да се раскине со согласност на двете договорни страни, ако се настанати услови за тоа по Законот за Облигациони односи.

За се што не е регулирано со овој договор важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Во случај на спор по овој договор настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се реши меѓусобно, надлежен за решавање ќе биде Основниот суд - Штип.

**Член 10**

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за договорните страни.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **ЈКП „Комуналец„** | **Општина Свети Николе** |
| **Директор,** | **Градоначалник,** |
| **Александар Давчев** | **Зоран Тасев** |